РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-8847/4
07-07-2014 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 22 став 5 од Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12 и 41/14) и член 10 од Правилникот за начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр.115/13), министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за верификација на установата за образование на возрасните Едукативен центар АЛГОРИТАМ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје за реализација на посебната програма монтер на гасоводна инсталација со енергетска ефикасност

1. Се верифицира установата за образование на возрасните Едукативен центар АЛГОРИТАМ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје за реализација на посебната програма монтер на гасоводна инсталација со енергетска ефикасност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за верификација на установата за образование на возрасните Едукативен центар АЛГОРИТАМ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје, формирана со Решение бр.11-8847/2 од 23.05.2014 година, изврши непосреден увид на ден 18.06.2014 година во просториите на установата за образование на возрасните со цел да се утврди исполнетоста на условите за работа.

Врз основа на извршениот увид, Комисијата со извештај бр.11-8847/3 од 19.06.2014 година и Решението за верификација на посебната програма монтер на гасоводна инсталација со енергетска ефикасност бр.09-683 од 24.02.2014 година одобрена од Центарот за образование за возрасни, констатира дека се исполнети условите за верификација согласно Законот за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12 и 41/14) и предложи да се верифицира установата за образование на возрасните Едукативен центар АЛГОРИТАМ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје за реализација на посебната програма монтер на гасоводна инсталација со енергетска ефикасност, поради што се донесе решение како во диспозитивот.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе тужба пред Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

М И Н И С Т Е Р
Abdilaqim Ademi

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА СКОПЈЕ 2

ДОСТАВЕНО ДО:
- Едукативен центар АЛГОРИТАМ ЦЕНТАР ДООЕЛ Скопје
- архивата

изготвил: Васка Стоицова
прегледал: Дана Бишкоска
одобрил: Елена Ивановска